Државно училиште за рехабилитација
на деца и младинци со оштетен вид
Димитар Влахов – Скопје

*Ул. „Народни Херои'' бр.8 – Скопје*

*Тел:078/449956*

*e-mail:durmovdimitarvlahov24@gmail.com*

Согласно член 15 став (2), (3), (4), (5), (6) од Закон за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и согласно член 4-а став (2), (3), (4), (5) од **Закон за средното образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25 и 132/25), и согласно правилникот за избор на основно училиште поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи од МОН дел бр.18-9120/1 од 30.06.2025 год ,Училишниот одбор на ДСУРЦ„Димитар Влахов„Скопје го донесе следниот:

# Правилник

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕПРЕЧЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС НА УЧЕНИК ПОГОДЕН ОД ХРОНИЧНО ЗАБОЛУВАЊЕ ИЛИ ПРИ ПОГОЛЕМИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ И СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ДСУРЦ„ДИМИТАР ВЛАХОВ„СКОПЈЕ (ЗА УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА)

## 1. Општи одредби

Со Оваа правилник -процедура се утврдуваат основните правила со кои се обезбедуваат услови за правилно функционирање на воспитно-образовниот процес на учениците погодени од хронично заболување или при поголеми здравтвени проблеми.

- **Процедура за основното образование во ДСУРЦ„Димитар Влахов„Скопје**

- За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго **од три недели**, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа.

- Воспитно - образовната работа за учениците кои се на лекување подолго од три недели во здравствени установи и во домашни услови опфака реализирање на

настава и други начини на работа со учениците во паралелки или индивидуално, во зависност од можностите на ученикот и неговата здравствена состојба.

- Родителот, односно старателот го известува училиштето за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.

- За ученикот погоре опишан како во општата одредба од овој правилник ќе се постапи на начин што ќе биде потребно обезбедување соодветна медицинска белешка од соодветен лекар во врска со заболувањето кое преставува пречка за следење на наставниот процес со физичко присуство.
- На ученикот ќе му се обезбеди воспитно образовен процес во домашни услови на начин што ќе се обезбеди наставно воспитен кадар кој ќе врши посета и предавање на наставната материја во домашни услови или пак на ученикот ќе му се доставуваат наставни материјали во соодветен рок.
- Ќе му се обезбеди на ученикот настава преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација,
- На ученикот погоре опишан ќе му се обезбеди таблет согласно материјано финансиските услови на училиштето во моментот со цел непречено следење на наставата.
- Ученикот се вклучува во настава согласно распоредот на часови на паралелката заедно со своите соученици, односно се вклучува во индивидуални наставни часови во време согласно можностите на наставниците и ученикот.
- Основното училиште каде што е запишан ученикот, во зависност од условите, прави распоред за реализација на наставата за овие ученица, при што навремено ги известува учениците и родителите за распоредот.
- Доколку ученикот поради здравствената состојба не може да следи настава со учење на далечина со синхрона комуникација, тогаш училиштето организира настава со асинхрона комуникација, односно ученикот работи на зададените задачи од наставникот по пат на доставување на материјали и обезбедување на повратна комуникација. Ако училиштето има доволно кадровски потенцијал, наставниците можат да ја реализираат наставата во домот на учениците односно во здравствената установа каде се лекува ученикот во зависност од условите на ученикот во домот односно во здравствената установа, како и неговата здравствена состојба.

- Овој начин на реализација на наставата согласно овој правилник-процедура преставува еднаво релевантен начин на реализација на воспитно наставната материја како и за учениците за кои се организира и реализираат наставата во основните училишта.

- Наставата ќе се реализира согласно утврдената наставна програма и наставен план од страна на БРО за основно образование.

- Наставата за учениците кои се на подолго лекување во здравствени установи и во домашни услови се реализира на нивниот мајчин јазик според наставниот план и наставната програма за соодветното одделение, со примена на диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата според здравствената состојба на ученикот, при што наставникот ја прилагодува програмата на здравствената состојба на ученикот за да се овозможи негово учество и постигнуваіње на резултатите од учењето.

- Реализацијата на наставата обезбедува остварување на целите, очекуваните резултати и стандардите за наставната програма за соодветното одделение.

- Наставниот час е во траење од 40 минути, односно може да биде и пократко во зависност од здравствената состојба на ученикот.
- Родителот односно старателот на ученикот кој поради здравствени проблеми или хронични болести не може да посетуба настава подолго од три неделеи поради потребата од организирање и реализирање на наставата во домашни услови односно здравствени установи додека ученикот е на лекување го известува училиштето каде е запишан ученикот и поднесува барање за организирање и реализирање на настава во здравствени или домасни услови.
- Барањето кое го доставува родителот или старателот содржи причини поради кои е неопходно да се реализира настава во домашни услови,односно здравствени установи и треба да биде проследено со мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и со очекувано време на спреченост
- Основното училиште во рок од 3 дена го рагледува барањето од став 1 на овој член и може да го одобри или да го одбие доколку не постои медицинска оправданост и мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и да го информира родителот односно старателот за начинот и постапката за реализација на наставата во текот на училишната година.
- Основното училиште е должно при одлучувањето да ја има во предвид севкупната грижа за учениците односно грижа на учениците со здравтвени проблеми и реализацијата на наставата да ја спроведува во блиска соработка со родителите/старателите и здравтвените установи а по потреба и со вклучување на бирото за развој на образованието државниот просветен инспекторат и министерство за здравство.
- За учениците кои се на лекување во здравствени установи или домашни услови се води педагошка евиденција во дневникот на паралелката
- По одобрување на барањето доставено од страна на родителите/старателите за организирање и реализирање на настава во здравствени установи,односно

домашни услови ,во електорнскиот дневник во делот забелешка се евидентира дека за конретниот ученик се организира и реалиизра настава со учење на далечина.

- реализираната наставата во согласност со овој правилник-процедура е основа за оценување на учениците во основното образование кои се погодени од хронично заболување или имаат поголеми здравствени проблеми а се уклучени во настават согласно овој правилник процедура.

- **Процедура за средното образование во ДСУРЦ„Димитар Влахов„Скопје**

- Средното образование се организира и остварува и во здравствени установи, како и во домашни услови, согласно со овој закон.

- Средното училиште организира воспитно-образовен процес во домашни услови како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно лекување.

- За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од **шест недели**, средното училиште во кое е запишан ученикот може наставата да ја организира во домашни услови, односно во здравствена установа, преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.

- Родителот, односно старателот го известува училиштето за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.

- За ученикот погоре опишан како во општата одредба од овој правилник ќе се постапи на начин што ќе биде потребно обезбедување соодветна медицинска белешка од соодветен лекар во врска со заболувањето кое преставува пречка за следење на наставниот процес со физичко присуство.
- На ученикот ќе му се обзбеди воспитно образовен процес во домашни услови на начин што ќе се обезбеди наставно воспитен кадар кој ќе врши посета и предавање на наставната материја во домашни услови или пак на ученикот ќе му се доставуваат наставни материјали во соодветен рок.
- Ќе му се обезбеди на ученикот настава преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација,
- На ученикот погоре опишан ќе му се обезбеди таблет согласно материјано финансиските услови на училиштето во моментот со цел непречено следење на наставата.

- Овој начин на реализација на наставата согласно овој правилник-процедура преставува еднаво релевантен начин на реализација на воспитно наставната материја како и за учениците за кои се организира и реализираат наставата во средните училишта.

- Средното образование во здравствени установи и во домашни услови, го реализира средното училиште каде што е запишан ученикот преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.
- Наставата ќе се реализира согласно утврдената наставна програма и наставен план од страна на БРО за средно образование,
- За организирање и реализирање на наставата на ученик кој е со поголеми здравствени проблеми или хорнично заболување во здравствена установа ќе се пристапи во согласност со овој правилник-процедура како и во координација со здравствената установа каде се лекува ученикот-оваа одредба важи и за учениците од основното и за учениците од средното образование.

- Начинот на реализација на наставата согласно со овој правилник-процедура е релевантен/веродостоен за оценување на ученикот погоден од хронично заболување или при боледување-оваа одредба важи и за учениците од основното и за учениците од средното образование.

• Средното училиште каде што е запишан ученикот, во зависност од условите, прави распоред за реализација на наставата за овие ученица, при што навремено ги известува учениците и родителите за распоредот.

• Доколку ученикот поради здравствената состојба не може да следи настава со учење на далечина со синхрона комуникација, тогаш училиштето организира настава со асинхрона комуникација, односно ученикот работи на зададените задачи од наставникот по пат на доставување на материјали и обезбедување на повратна комуникација.Ако училиштето има доволно кадровски потенцијал, наставниците можат да ја реализираат наставата во домот на учениците односно во здравствената установа каде се лекува ученикот во зависност од условите на ученикот во домот односно во здравствената установа, како и неговата здравствена состојба

• Наставниот час е во траење од 45 минути, односно може да биде и пократко во зависност од здравствената состојба на ученикот.

• Родителот односно старателот на ученикот кој поради здравствени проблеми или хронични болести не може да посетуба настава подолго од шест неделеи поради потребата од организирање и реализирање на наставата во домашни услови односно здравствени установи додека ученикот е на лекување го известува училиштето каде е запишан ученикот и поднесува барање за организирање и реализирање на настава во здравствени или домасни услови.

• Барањето кое го доставува родителот или старателот содржи причини поради кои е неопходно да се реализира настава во домашни услови,односно здравствени

установи и треба да биде проследено со мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и со очекувано време на спреченост

- средното училиште во рок од 3 дена го рагледува барањето од став 1 на овој член и може да го одобри или да го одбие доколку не постои медицинска оправданост и мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и да го информира родителот односно старателот за начинот и постапката за реализација на наставата во текот на училишната година.

- средното  училиште е должно при одлучувањето да ја има во предвид севкупната грижа за учениците односно грижа на учениците со здравтвени проблеми и реализацијата на наставата да ја спроведува во блиска соработка со родителите/старателите и здравтвените установи а по потреба и со вклучување на бирото за развој на образованието државниот просветен инспекторат и министерство за здравство.

- За учениците кои се на лекување во здравствени установи или домашни услови се води педагошка евиденција во дневникот на паралелката

- По одобрување на барањето доставено од страна на родителите/старателите за организирање и реализирање на настава во здравствени установи,односно домашни услови ,во електорнскиот дневник во делот забелешка се евидентира дека за конретниот ученик се организира и реалиизра настава со учење на далечина.

- реализираната наставата во согласност со овој правилник-процедура е основа за оценување на учениците во средното образование кои се  погодени од хронично заболување или имаат поголеми здравствени проблеми а се уклучени во настават согласно овој правилник процедура.

ДСУРЦ„ДИМИТАР ВЛАХОВ„СКОПЈЕ

**Претседател на У.О**